2026056050

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28, член 54 став 2 и 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/2025 и 154/2025), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016, 146/2018, 44/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр. 198/2019, 63/2020, 202/2020, 303/2020, 217/2021, 179/2023, 277/2023, 57/2024, 71/2024 и 251/2024), во член 16 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, лицата опфатени во член 15 став 6 од овој правилник, можат самостојно да вршат избор на лекар од дејноста гинекологија при користење на здравствени услуги од оваа област, со цел да им се гарантира доверлив пристап до гинеколошка здравствена услуга, почитување на личниот интегритет и обезбедување на правото на здравствена заштита“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-4448/1
27 февруари 2026 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател
Ирена Петковски, с.р.